СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08- 2707/2

25.10.2023 година

К и ч е в о

# З А П И С Н И К

Од одржаната 27-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 25.10.2023 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот и 30 минути

Седницата во 10 часот и 30 минути ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Ќамер Клоси, Дренуше Далипи, Валбона Адили Емини, Агим Садику, Абдула Сејдини, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Лазе Јакимоски, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Арѓент Асани, Валентина Лазаревска, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Рамазан Зулбеари, Фортеса Сејдини, Сибел Туфекџи и Миѓен Зендели.

На седницата беа присутни и Бујар Весели, Валдет Селими, Дарко Белески, Беким Мустафај-претставници од општинската администрација, и новинари од ИРЛ (Истражувачо Репортерска Лабораторија).

**Претседателот на советот** за оваа седница го предложи следниот:

# Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**-Констатирањена оставка од функцијата член на управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, Кичево**

1. Предлог Одлука за измена и дополна на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Кичево за 2023 година.

2. Предлог Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Кичево.

3. Предлог Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските средни училишта на подрачјето на Општина Кичево.

4. Предлог Програма за зимско одржување на патишта и улици на Општина Кичево за 2024 година.

5. Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на урбанистичка документација за с.Староец-Кичево, заради вклопување на бесправен објект.

6. Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на детален урбанистички план за населба ,,Под Крушино,,-прв дел Кичево, заради вклопување на бесправен објект.

7. Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Генерален урбанистички план за с.Зајаз донесен со Одлука на совет бр.07-280/2 од 14.06.1999 г. за КП.бр.1538 КО-Зајаз, во Општина Кичево.

8.Разно.

Пред да се усвои дневниот ред Претседателот на советот информира дека има барање за дополна на дневниот ред со три нови точки и тоа:

1.Заклучок за давање на позитивно мислење на Одлуката за давање согласност за промена на вредноста на коефициентот за пресметка на основната бруто плата на Директорот во О.У Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков,, Кичево.

2.Предлог за давање на позитивно мислење на Иницијатива за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кичево и Општина Македонски Брод.

3.Решение за именување на членови во заедничката комисија за воспоставување на МОС.

Потоа, Претседателот го стави на усвојување Записникот од 25-та седница на советот одржана на 20.09.2023 г. и истиот се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

На усвојување, Претседателот на советот го стави и Записникот од 26-та седница на советот одржана на 29.09.2023 г. и истиот беше усвоен со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Лазе Јакимоски**-Праша дали се одржала седница на Комисијата за финансии и буџет, бидејќи до сега имало пракса да се држи пред седница.

**Валдет Селими**- Информира дека на кординацијата за седницата не се истакнало потреба за одржување на комисии.

**Претседателот на советот** истакна дека било потребно да се каже дали треба да се држи комисија за одредени точки, кординаторите да потсетат.

**Агим Садику**- Информира дека комисии треба да се одржуваат за точките од финансии, урбанизам, итн., пред седница точките требало прво да поминат на комисија.

**Михајло Данилоски**- Информира дека во врска со првата точка ќе побарал да се повлече, бидејќи не била помината на комисија, но кога видел дека се работи за бодови за плати, за ПИОМ, не го сторил тоа.

**Иванчо Божиноски**- За точките од урбанизам информира дека се работело за легализација на 3 приватни објекти, приватни парцели и немало потреба од одржување на комисија.

**Агим Садику**- Информира дека имало грешки во преводот на албански на документите како на пр. кај Правилникот не се работело за донации како што пишувало, туку за дотации.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот Дневен ред за денешната седница со дополната од трите нови точки и истиот се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**-Констатирањена оставка од функцијата член на управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, Кичево**

Оставката беше прочитана од страна на Претседателот на советот, кој истакна дека се работело за судир на интереси за членот Александар Којчески кој е Директор на ,,Лопушник,, и член на Управниот одбор во ,,Комуналец,,

**Лазе јакимоски**- Информира дека судир на интереси за тоа имало веќе 6 месеци и праша зошто тоа не било сторено до сега, бидејќи било незаконски. Истакна дека 1 месец по назначувањето на член на Управниот одбор станал Директор. На тоа тие укажувале навреме.

**Абдула Сејдини**- Информира дека не се согласува со констатацијата дека Директорот бил предходно и член на Управен одбор. Праша како сега ќе функционирал управниот одбор, бидејќи наместо 7 ќе имал 6 члена. Овде

требало да има грижа, а не кај судирот на интереси, затоа што тој не бил Директор кога станал член на Управниот одбор. Истакна дека Статутот предвидувал 5 члена на Управниот одбор и праша дали сега некој од останатите членови во Одборот, треба да има добра волја и сам да си поднесе оставка.

**Лазе Јакимоски**- Информира дека по изборот на Директор тој бил член на Управен одбор и требало да си поднесе оставка. Истакна за да немало во иднина такви случаи, законодавецот  во член 17-г предвидел дека на ВЕБ страната требало да се објават сите членови на Управниот Одбор во рок од 15 дена од изборот, но такво нешто немало до денес.

**1.ПРВА ТОЧКА**: Предлог Одлука за измена и дополна на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Кичево за 2023 година

**Бујар Весели**- Детално го образложи Правилникот и информира дека има измени во двата дела на Буџетот, во основниот дел и во грантовите. Во основниот буџет имало зголемување на средствата за пензиско и инвалидско осигурување.

**Агим Садику**- Информира дека кај наменските грантови било така како што е, праша кај спорт и рекреација 960.000 денари за реконструкција на спортски објекти од каде се минусираат  кај ставката на советот и кој друг објект треба да се реконструира.

**Бујар Весели**-Информира дека кај програмата на советот средствата од 190.000 денари до крајот на годината немалоло да се искористат, исто така и кај општинската администрација за надоместокот за годишен одмор се

останати средства, бидејќи регрес е исплатен. Кај спорт и рекреација во врска со спортските сали се намалувало за доволно средства кои биле потребни за реализација.

**Агим Садику**- Информира дека разбира за регресот, но кај реконструкција на објектите 160.000 денари праша што не е реализирано-кои спортски сали не се изградени и зошто тоа не било направено.

**Валбона Адили Емини**-Информира дека директно е заинтересирана за средствата кои се минусирале кај спортските сали. Праша зошто се повлекуваат средствата кога ѕидот на спортската сала ,,Јанчица,, од едната страна бил уништен и неможела да биде активна зимно време, а лани таму се спортувало.

**Бујар Весели**- Информира дека за спортската сала ,,Јанчица,, имало постапка и бил избран изведувач и со него имало склучено договор со временски рок во кој треба да се реализира. Ако навреме не се исполнува договорот,општината можела да преземе други постапки. Истакна дека намалувањето од 960.000 денари не го попречувало реализацијата на финансиите за проектот спортска сала ,,Јанчица,,.

**Валбона Адили Емини-** Информира дека во моментот таму не се работело ништо и праша што понатаму со објектот.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за измена и дополна на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Кичево за 2023 година и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 1 глас ВОЗДРЖАН.

**2.ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Кичево

**Бујар Весели**- Информира дека од вкупните средства за блок дотации се минусирало за плати за сите училишта и останатиот дел на расходи за транспорт, греење итн. кое се вршело според критериуми одредени за тоа. Истакна дека имало табеларен приказ и во однос на предходната година имало мали измени.

**Валентина Лазаревска-** Информира дека кога имало такви прашања на дневен ред, покрај преставникот од Секторот за финансии, требало да има преставник и од Секторот за обрзаование. Остатокот за подмирување на трошоци не бил доволен. Имало потреба и за професионално усовршување, за банкарски провизии, за канцелариски материјали итн. и кога се ќе се одбиело за се останувало 6,3%. Во училиштата имало голема невработеност и требало да се направи реорганизација на наставниот кадар и да се направи соодветна преквалификација согласно потребите. Истакна дека за едно работно место имало тројца извршители. На пр. за 55 ученика имало 3 библиотекари, а можело да има само еден библиотекар. Тоа било алармантно и требало да се реши. Побара следен пат кога ќе има такви точки, да има преставник и од Секторот за образование.

**Претседателот на советот** информира дека за тоа било потребно да дојде Емин и да објасни, а Бујар бил од Секторот за финансии.

**Абдула Сејдини**-Информира дека за тоа зборувал со директорита на училиштата на предходната седница, дека програмите не се уредни, а Вале велела дека се уредни и треба да се поминат. Сега за основ ги земала програмите од тие директори. Праша дали тоа е политика.

**Лазе Јакимоски**- Го замоли Абдула да не политизираат. Програмите биле фиктивни, но бројките биле реални. Најголем процент од блок дотациите одел за плати на вработените, а тоа била и поентата на Вале и не требало да се мешаат програмите.

**Абдула Сејдини-** Информира дека не ги мешал програмите и дека таа се концентрирала на податоците од програмите, затоа реагирал, бидејќи биле надвор од дискусијата за точката, а претседателот требало да го

прекине тоа. Истакна дека податоците во програмите биле од директорите, но поголем дел од бројките биле од минатите години, а за нив требало да им се верува на директорите. Не сакал тука да прави политика.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека нејзина констатација е дека остатокот од средствата од блок дотациите не биле доволни за подмирување на трошоците. Истакна дека тоа не било политиканство, туку дека реално кажувала за податоците и дека тоа било така, дека навистина имало преголема превработеност во училиштата.

**Агим Садику**- Информира дека бројките биле тие и дека немало ниту во едно училиште предвидено ново вработување, туку бил намален бројот на ученици. Потребно било да се направи поголема анализа за намалување на бројот на вработени, за реорганизација итн.

**Бујар Весели**- Информира дека што се однесувало на Методологијата, кај делот на платите, голем дел од вработените биле со решенија и не можат да се остранат.

**Валентина Лазаревска**- Информира дека не бара остранување на на ставниот кадар, туку реформирање, односно никој да не остане невработен.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Кичево и истиот се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема). Советничката Валентина Лазаревска не гласаше, се изема од гласање, бидејќи работи во основно образование.

**3.ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските средни училишта на подрачјето на Општина Кичево

**Бујар Весели-** Информира дека е направен пресек на 30.09.2023 година.

**Лазе Јаќимоски**- Информира дека не му било јасно кај процентот за учениците. 827 ученици во ,,Мирко Милески,, , 537 во ,,Дрита,, , а за ,,Мирко Милески,, 48,5% и 58% за ,,Дрита,, , праша дали тоа било само за превозот или и друго.

**Бујар Весели**- Даде детално образложение и истакна дека за тоа одлучувале 3 критериуми и тоа вкупниот број на ученици, број на ученици кои користат превоз, во ,,Дрита,, користеле превоз 323 ученика, а во ,,Мирко Милески,, 217 ученика, а исто така и долгот имал влијание.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските средни училишта на подрачјето на Општина Кичево и истиот се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Предлог Програма за зимско одржување на патишта и улици на Општина Кичево за 2024 година

**Беким Мустафај** – Ја образложи детално Програмата.

**Валбона Адили Емини-** Праша дали во Програмата било опфатено и прочистувањето на шахтите, бидејќи при дожд имало поплави од нив.

**Беким Мустафај**- Информира дека тоа не било опфатено во таа Програма, за тоа имал Програма ,,Комуналец,, и тој бил надлежен за тоа.

**Валбона Адили Емини-** Информира дека во болницата имало таков проблем, се поплавувало, а исто така се поплавувало и кај зградата во која живеела.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за зимско одржување на патишта и улици на Општина Кичево за 2024 година и истата се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**5.ПЕТТА ТОЧКА**: Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на урбанистичка документација за с.Староец-Кичево, заради вклопување на бесправен објект

**Беким Мустафај**-Информира дека се работи за барање од црквата за легализација на бесправно изграден објект во с.Староец, Дом за ,,Водици,, , за што било потребно проширување на урбанистички опфат.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на урбанистичка документација за с. Староец-Кичево, заради вклопување на бесправен објект и истата се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**6.ШЕСТА ТОЧКА**: Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на детален урбанистички план за населба ,,Под Крушино,,-прв дел Кичево, заради вклопување на бесправен објект

**Беким Мустафај**- Информира дека се работи за стамбен објект на приватно земјиште на кое е предвидено улица и се бара да се дислоцира улицата.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на детален урбанистички план за населба ,,Под Крушино,,-прв дел Кичево, заради вклопување на бесправен објект и истата се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**7.СЕДМА ТОЧКА**: Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Генерален урбанистички план за с. Зајаз донесен со Одлука на совет бр.07-280/2 од 14.06.1999 г. за КП.бр.1538 КО-Зајаз, во Општина Кичево

**Беким Мустафај**- Информира дека се работи за легализација на стамбен објект кој се наоѓал на дел од улица и дел во државно земјиште и се барало дислокација на улицата. Се работело за 12 метри квадратни.

**Лазе Јакимоски**- Информира дека не се одржала Комисија за урбанизам за да се разгледа точката. Праша дали таа катастарска парцела е во државно земјиште и дали тоа место е местото каде ќе се гради паркот.

**Беким Мустафај**- Информира дека тоа било далеку од паркот.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Генерален урбанистички план за с.Зајаз донесен со Одлука на совет бр.07-280/2 од 14.06.1999 г. за КП.бр.1538 КО-Зајаз, во Општина Кичево и истата се усвои со 15 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 6 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**8.ОСМА ТОЧКА**: Заклучок за давање на позитивно мислење на Одлуката за давање согласност за промена на вредноста на коефициентот за пресметка на основната бруто плата на Директорот во О.У Работнички универзитет,,Крсте Мисирков,, Кичево.

**Виктор Алексоски**- Како претседател на Управниот одбор на ,,Крсте Мисирков,, Кичево, информира дека тука се работело за усогласување со законот и било потребно тоа да помине на совет.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Заклучокот за давање на позитивно мислење на Одлуката за давање согласност за промена на вредноста на коефициентот за пресметка на основната бруто плата на Директорот во О.У Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков,, Кичево и истиот се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**9.ДЕВЕТА ТОЧКА:** Предлог за давање на позитивно мислење на Иницијатива за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кичево и Општина Македонски Брод.

**Дарко Белески**- Информира дека пред еден месец е аплицирано во УНДП за Проект за против пожарна заштита- за против пожарна опрема и дека тој проект бил заедно со Општина Македонски Брод. Истакна дека за да се воспостави таа меѓуопштинска соработка потребно било и да се формира Комисија.

**Агим Садику**- Информира дека тоа било добро. Два камиона во пожарното не биле исправни и било потребно 2-3 илјади евра да се поправат. Побара да се финансира и да се поправат камионите ако е можно

тоа, бидејќи има потреба од нив. Побара да се достави дополнителна информација - Извештај до советниците за состојбата на камионите во ,,Пожарната,,.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлогот за давање на позитивно мислење на Иницијатива за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кичево и Општина Македонски Брод и истиот се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**10. ДЕСЕТА ТОЧКА**: Решение за именување на членови во заедничката Комисија за воспоставување на МОС.

Бидејќи никој не се јави за збор**, Претседателот на советот** го стави на усвојување Решението за именување на членови во заедничката комисија за воспоставување на МОС и истото се усвои со 22 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**11.Разно**

**Претседателот на советот** го прочита барањето од Здружението за млади за заштита на народното и духовно наследство ,,Митрополит Козма Пречистански"- Кичево, кое бара отстапување на просторија каде би можеле редовно да ги извршуваат своите активности.

Советот одлучи, ако постојат можности и услови Општината да излезе во пресрет да се најде и им се отстапи просторија.

Потоа, **Претседателот на советот** ја прочита Поканата од Црковниот одбор и Месната заедница на с. Извор за присуство на прослава по повод поставување и светење на камен темел на верски објект ,,Црква-Успение на света Богородица" на 28.10.2023 г. во 12 часот.

**Валентина Лазаревска** прочита Барање од ОУ,,Кузман Јосифоски Питу,, за продолжен престој во училиштето на учениците од прво до петто одделение во посебна просторија која е опремена и оспособена за нивно згрижување. Истакна дека Барањето е усвоено од страна на Советот на родители и Училишниот одбор во училиштето.

Советот донесе Заклучок за усвојување на Барањето со 21 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен Дневниот ред за оваа седница, Претседателот на Советот на Општина Кичево ја затвори Седницата на Советот во 12 часот и 10 минути.

Записничари

-Ленче Србиноска

-Елисавета Милеска

Советна Општина Кичево

Претседател

Скендер Џабири